**20161573563**

## ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 56 став 1 точка 3, а во врска со член 69 од Законот за здравствено осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 16/2013, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016 и 142/2016), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 17 август 2016 година, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КРИТЕРИУМИТЕ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОРИ, УТВРДУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА МЕСЕЧНИОТ ИЗНОС НА СРЕДСТВАТА И НАЧИНОТ НА ПЛАЌАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСЛУГИ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСТАНОВИ КОИ ВРШАТ ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА СО ЛЕКОВИ НА РЕЦЕПТ ОД ЛИСТАТА НА ЛЕКОВИ КОИ ПАЃААТ НА ТОВАР НА ФОНДОТ ВО ПРИМАРНАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Член 1

Во Правилникот за критериумите за склучување договори, утврдување на постапка за определување на месечниот износ на средства и начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат обезбедување на осигурените лица со лекови на рецепт од листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот во примарната здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 34/2014 48/2015, 191/2015 и 41/2016), во членот 5 се додава нов став 3, кој гласи:

„Минималната квота на здравствена установа - аптека за организациона единица е во висина од 50.000 денари.“

Член 2

Во член 6 став 7, по зборовите „став 2“, точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите:

„или рамномерна прераспределба на квотите врз основа на расположливите финансиски средства.“

Член 3

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-12568/1
18 август 2016 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Елена Трпковска,** с.р.